27665

12327

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Вторник 19 мај 1981 год. ● стр. 10

ИЗЛОЖБИ

# НОВА МАТЕРИЈАЛИЗАЦИЈА И СУГЕСТИЈА

## ● ПО ПОВОД ИЗЛОЖБАТА НА ГРАФИКИ НА ДИМЧЕ НИКОЛОВ ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Следејќи го развојот на графичката уметност во нашата Република во последниве години името на Димче Николов го сврте вниманието на оние кои во новиот ликовен потенцијал гледаат и нови можности за подем и афирмација на македонската култура. Меѓутоа, постои и онаа друга група луѓе, односно ликовни автори и теоретичари, кои во младиот уметник гледаат конкуренција на ликовниот пазар или по позициите на своето смислено и претенциозно вреднување го мерат сето она што неминовно ќе ги замени, а можеби и ќе ги помести од местото. Сепак овде би било потребно да се истакне улогата на Музејот на современата уметност од Скопје токму во ангажирањето и пружањето рака на младите уметници што никако не е и не може да се поврзе само со сегашната излагачка политика. Во прилог на ова да се потсетиме на генерациските смотри на младите современи македонски уметници што се одржуваат секоја петта година во овој Музеј и на тој начин го свртуваат вниманието на своето ликовно и креативно постоење. Исто така, да се каже дека цела низа наши истакнати уметници од сегашната средна и млада генерација поминала низ вакви генерациски средби со првото експонирање на својата ликовна и стилска цел.

Иако графичката уметност во Македонија не може да се поврзе со некоја позначајна традиција, сепак последниве години дојде до евидентно проширување и интересирање за оваа дисциплина. Разбирливо е дека носителите на ова интересирање и квалитет се уметници од споменатите генерациски групации и дека на нашиот културен простор донесуваат искуства и поуки од други ликовни центри. За тоа неминовните влијанија во графичкиот третман на Димче Николов мораме да ги сфатиме како нормална последица во процесот на ликовното и стилското изградување и барање свој препознатлив стилски и мотивски став.

Во средбата со графичко-цртачките дела на Николов веднаш паѓа в очи неговата техничко-технолошка рафинираност и префинетост во нијансирањето на тоновите со сугерирање нови, речиси метафизички димензии на просторот во кои целиот систем на симболи и знаци го оживува тој простор и мотивски го одредува. Николов со техниката на бакропис — акватинта го изградува графичкиот лист, и му дава нови можности што ги поврзуваме пред сѐ, со визуелниот впечаток, а не со мотивската релација, што зборува за содржинската релативност и моментното опредерување на уметникот. Благодарение на исклучителната техника и ликовниот третман на графичкиот лист, Николов постигнува некоја нова материјализација и сугестија на обликот во организацијата на знаците и симболите како едно логично единство.

Богдан Видое Мусовиќ